

Мимоза Петревска

Дали ѕиркате?

# Уметност и воајерство

*Во просториите на CIX галеријата во Центарот за современи уметности во Скопје, синоќа е отворено „Првото peep show во градов“. Поглед во „забранетата зона“ фрлаат седум автори, чии проекти ги интерпретираат проблемите на воајеризам, егзибиционизам, параноја, фетишизам... Понесете десет денари и... следете го црвеното светло...*



Peep show - изложување на предмети или слики кои може да се набљудуваат исклучиво низ мал отвор, обично снабден со леќи за зголемување: место каде со помош на вакви направи се гледаат еротски или порнографски содржини.

Тоа би било кусото лексиконско толкување на овој феномен. А, оние кои имале „среќа“ да заталкаат во „црвените зони“ на некој велеград, знаат дека станува збор за незаборавно воајерско доживување и, дефинитивно, најевтината порно-забава на светот. Така на пример, „за 25 пени во Лондон може да се влезе во една кабина, во која по извесно време се отвора еден прозорец низ кој можете да видите како некоја девојка се соблекува и изведува перформанс. Кога ќе измине времето за кое сте платиле, се спушта метална преграда“.

Кога сето ова ќе го ставите во еден поинаков контекст, односно ќе ги искористите методот на симулација, па наместо голи девојки ќе изложите седум уметнички проекти, станува збор за вистинска храброст. Односно, на луѓето кои можеби наивно очекуваат да видат вистинско peep show, ќе им понудите да станат воајери во светот на уметноста. Замената на улогите, значењата и идентитетите е само дел од „играта“ на овој проект, чиј куратор е Сузана Милевска.



„Мојата идеја беше да се надмине бариерата меѓу она што е јавно и приватно“, вели Милевска. „Тргнав и од фактот дека во Скопје сè уште нема peep show, па луѓето ги потиснуваат своите желби. Претпоставувам дека секој од нив би сакал тајно, без да биде виден, да се шмугне во некој темен агол и да ги задоволи своите воајерски потреби. Таа скопофилија е можеби основа на секоја визуелна уметност. Јас поканив седум уметници од помладата генерација, чии проекти нудат различно гледање на овој проблем. Дел од нив на темата одговорија со поставување проекти, кои директно се однесуваат на проблемите: воајеризам, фетишизам, егзибиционизам, параноја...“



Во рамките на овој проект е вклучен и перформансот на Дејан Спасовиќ „Ве молам, подајте ми ја крпата“, кој ќе биде изведуван секој ден - зад затворена врата. Изведувачот ќе се туширa во бањата на галеријата, а тоа ќе биде провокација за оние похрабрите да влезат во бањата и да му ја подадат крпата!

Интересно е и тоа што сите проекти се работени во различни медиуми. Ана Стојковиќ во својот проект „PARANOIA@SOROS.ORG.MK“ го употребува електронскиот медиум за да ги постави прашањата на приватноста и јавноста во тие рамки. Односно - дали додека ѕиркате низ екранот сте сигурни дека некој не ве ѕирка вас? Овде се поставува и проблемот на приватноста на електронските пораки. Со таа цел, уметничката долго време им праќаше e-mail пораки на непознати луѓе и ги канеше да дојдат на изложбата. Истовремено, со помош

ARS LONGA, VITA BREVIS



на некои посовремени програми вршеше истражување колку е можно да се влезе во трагите на тие луѓе, преиспитувајќи ја безбедноста на нашата локална мрежа.

Проектите на Славица Јанашлиева и Христина Ивановска се ѝ обраќаат на локалната сцена на воајеризмот. Славица Јанашлиева се јавува како основач на воајерско здружение - Voayers association of Macedonia делејќи членски карти, а проектот е проследен и со фотографии на добро познатите пунктови за „sиркање“ не само на љубовните двојки, туку и на пасионираните воајери - Вајчев рид, Зоолошка градина, просторот околу Универзитетот, Водно...



Проектот на Христина Ивановска „Пери-носи“, пак, му се обраќа на интимниот свет на воајерите. Таа поставува еден имагинарен балкон на кој се сушат преврски за очи, на кои се отпечатени фотографии на очи. Нивната намена е да го заштитат идентитетот на воајерот. Посетителите може да си ги врзат преврските преку очите и, менувајќи го идентитетот, да се стават во улога на воајери.

Сосема поинакво гледање на оваа тема нуди проектот на Оливер Мусовиќ чиј наслов е игра на зборови - „Pay per view - Paper view“. Ова дело многу суптилно укажува на она толку познато нарушување на приватноста, кога човек во автобус чита весник, а некој зад него sирка и му го нарушува животниот простор. Во сето тоа има и извесна еротска конотација.

Виолета Чаповска во својот проект „Сецирање и sиркање“ користи една фотографија направена на Мало Езеро на Пелистер, со цел да се фрли еден аналитички поглед врз она што е природа. Додека другите автори sиркаат во туѓата приватност, овде станува збор за sиркање во сопствената.

Проектот на Дубравко Наумов „Инфинитивиот има едно лице“ го разгледува феноменот на инфинитивот како меѓупростор во лингвистиката и граматиката и синоним за неодредено време и начин. Цртежите на принцеза „фатена“ во еден меѓупростор и меѓувреме, поставени во три кутии со посебни дупчиња, лупи и шпионки ја провоцираат публиката да ја погледне принцезата во целата нејзина раскош и притоа да добие впечаток дека и таа ги гледа нив и го преврeднува она за кое тие мислат дека е вистинското случување...

За да се заокружи илузијата и да се потцрта конфузијата и двозначноста на овој проект, кураторот на изложбата реши да даде оглас за отворање на првото peep show во градот, не посочувајќи дека станува збор за уметничка изложба, како провокација и до онаа публика која, во принцип, е позаинтересирана за „жешките огласи“ отколку за културните случувања во градот. Сè со цел да се разбие установениот состав на публиката и „академската атмосфера“ која, по правило, ги следи ваквите манифестации.

„Телефонот што стои во огласот е мојот приватен телефон и јас на тој начин ја сондирам структурата на публиката што ќе дојде“, додава Милевска. „На изложбите вообичаено се појавуваат едни исти луѓе. Сите меѓу себе се знаеме. Излезе дека ова е добра идеја, бидејќи секојдневно добивам многу повици. Со наплаќањето на симболичните 10 денари на влезот, сакаме да го воведеме тој елемент на возбуда - дека тука се случува нешто специјално и не може секој кога ќе посака да го пречекори прагот. Сепак, ова е само - изложба. Единствено црвеното светло на влезот можеби малку ќе алудира на Red light district-от во Амстердам. На крајот, сакам да го нагласам фактот дека во сите тие глобални превреднувања на нештата, сексот, сепак, останува главното и последното табу“.